Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница со која претседаваше Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија одржана на 10.07.2024 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за утврдување на начелен правно мислење, поднесена од Адвокат Андреја Радиновски од Скопје, го усвои следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Иницијативата за утврдување начелно правно мислење поднесена од Адвокат Андреја Радиновски, адвокат од Скопје, заведена под Су-03 Бр.322/2024 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

Образложение

Врз основа на член 37 од Законот за судовите, адвокат Андреј Радиновски од Скопје на ден 07.05.2024 година до Врховниот суд на Република Северна Македонија достави иницијатива , заведена под Су-03 Бр.322/2024 година , за утврдување на начелно правно мислење по правното прашање : Дали сите судии без исклучок на Апелациониот суд , годишниот одмор може да го користат со почеток во рок од за 9 дена од утврдениот ст.1 од член 72 во Законот на судовите.

Со иницијативата подносителот приложува : Преставка до Судскиот совет на РСМ и Известување по преставката до Судскиот совет на РСМ.

Во прилог на иницијатива од страна на подносителот не е доставена различна судска пракса, односно не се доставени одлуки од кои би произлегла потребата за донесување начелно правно мислење од која би произлегувала различна примена и неконзистентност во примената на Законот за судови, единствено со иницијативата доставени се : Преставка до Судскиот совет на РСМ и Известување по преставката до Судскиот совет на РСМ.

Од горенаведените причини Општата седница најде дека не произлегува потребата од донесување на начелно правно мислење.

**Општа седница на Врховниот суд**
**на Република Северна Македонија**